РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО | ТРАГЕДИЈА ВО БЕЈРУТ | ВОЕНАТА ДОКТРИНА НА ЈНА | „SUKHOI SU-34“

# ШТИТ

Број 132
Октомври 2020
ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



## Со кренати чела, слободни и отворени кон светот ја славиме независноста

# ...ни војници



капацитет во кој Армијата и Министерството ќе вложуваат. „Приемот во НАТО, доаѓањето на Бригадата на Југоисточна Европа, новата опрема и зголемените плати во Армијата, придонесот во вонредната состојба, лидерското место во транспарентност и довербата кај граѓаните, направија 2020 година да биде наша успешна година во делот на одбраната“, рече Шекеринска.

На свеченоста по повод приемот на новите војници присуствуваше и началникот на Генералштабот на Армијата, Васко Ѓурчиновски и командантот на касарната „Илинден“. Со денешниот прием на 70 војници, вкупната бројка на новопримени војници во изминатите три години изнесува 630.







# содржина

ШТИТ ▪ година XII ▪ број 132 ▪ октомври 2020


Инфо — 5

Инфо
**„Геополитичките проблеми во Западен Балкан за време на кризата од вирусот Корона: Евроатлантската перспектива“** — 6

Инфо
**Прес-конференција посветена на идните планови за развој во одбраната** — 7

НАТО-активности
**Република Северна Македонија во НАТО** — 10

ПзМ армии
**Армиите на земјите на „Партнерство за мир“ Казахстан** — 12

На прва линија
**Трагедија во Бејрут** — 16

Едукација
**Воената доктрина на ЈНА (Втор дел)** — 20

Вооружување
**Француско борбено возило на пешадијата „VBCI 8x8“** — 32

Вооружување
**„Sukhoi Su-34“ – „Fullback“** — 34

Вооружување
**„Патриот 2“** — 36

Незадолжително
**Месен нарезок – Популарна војничка храна** — 40

Жени-воини
**Ибе Паликуќа – најмладиот народен херој** — 49

Незадолжително
**Маскирај се и биди тоа што сакаш** — 50

Филм
**„Дванаесетмина жигосани“** — 56



# Трагедија во Бејрут

Експлозијата од 4 август, што се случи на пристаништето во Бејрут, главниот град на Либан, силно одекна во сите светски медиуми. Статиите за уништени над 300 000 домови, над 140 човечки жртви и повеќе од 5000 повредени беа надополнети со прашањата дали оваа експлозија беше несреќен случај или испланирана акција. На пристаништето во Бејрут експлодираа 2750 тони амониум нитрат, што е еквивалентно со 1000 тони ТНТ. Од пристаништето не остана ништо, а целиот кварт околу него беше срамнет со земја. Постојат многу теории за тоа што се случи и чија е вината, но која е вистината?

Во 2013 година поради нерасчистени сметки, либанските инспектори заклучиле дека товарот со амониум нитрат треба да биде конфискуван од бродот со кој пристигнал на бејрутското пристаниште и да биде складиран. Повеќе од 6 години, 2750 тони амониум нитрат останаа во магацинот на пристаништето без никаков план за негова дислокација, и покрај несоодветните услови за чување на овој опасен товар. На 4 август оваа година, биле преземени мерки за заштита на магацинот од кражби, односно била повикана служба која ќе изврши електрично заварување на отворите во магацинот. Меѓутоа, заварувачите не биле информирани за опасната експлозивна материја која се наоѓала на неколку метри од изведувањето на работите, ниту пак ги преземале неопходните мерки за заштита при работа. По завршување на работата бил забележан чад кој излегувал од магацинот. Веднаш биле повикани пожарникари за да се справат со потенцијалниот пожар. Околу 18 часот одекнала првата експлозија по која избил пожарот, а веднаш потоа



Блискиот Исток претставува геополитичка точка, за којашто се смета дека е сила што може да ја држи под контрола или да ја дестабилизира, а тоа значи дека може да го контролира светот. Во случајот со Либан, улогата којашто ја игра регионот во „новиот пат на свилата" како место на коешто се вкрстуваат сите големи светски цивилизации, во изминатите години имаше големо влијание врз креирање на глобалната политика во Вашингтон, во Лондон и во Израел

следела втората разорна експлозија. Според досегашните сознанија пожарот создал огромна топлина која го запалила целиот амониум нитрат, притоа создавајќи многу висок вакуум – негативен притисок и експлозија.
Во медиумите, како од официјалните претставници на Либан, така и од претставници на други држави, па дури и од експерти по експлозиви се појавија контрадикторни изјави околу прашањето дали оваа експлозија беше несреќен случај или нечиј интерес?
Но, за да се тврди дека оваа експлозија не беше несреќен случај треба да се утврди дали и кој има корист од овој настан? Уништената област е населена со популација која генерално не е позитивно расположена кон „Хезболах". Оттука, ниту на Израел, ниту на САД, не би им било во интерес да се нанесе толкава штета на имотот и бизнисите на нивните пријатели од Либан. Уништувањето на овој дел од Бејрут со цел да се наметне „нов Блиски Исток" или „нов Либан" нема смисла бидејќи политичките противници на „Хезболах" во овој момент се многу слаби и не се во состојба да му се спротивстават. Исто така, ниту Франција ниту САД не се во позиција да влијаат врз мнозинското население. Шпекулациите дека во магацините имало складирано оружје на „Хезболах" се неосновани бидејќи местото е под постојан видеонадзор, а исто така е контролирано од страна на безбедносните служби кои не се под контрола на „Хезболах". Па оттука, „Хезболах" сигурно не би складирал оружје во област која не му е под контрола и ја смета за непријателска.
Во моментот на експлозијата „Хезболах" ја чекаше пресудата на Специјалниот трибунал, за извршениот атентат врз поранешниот премиер на Либан, Рафик Харири, па некои од анализите одеа во насока дека „Хезболах" стои зад експлозијата.
Многу од теориите на заговор не се совпаѓаат со фактите за оваа несреќа. Сопственикот на бродот, сомнително изгубил интерес за скапоцениот товар, дури и не се обидел да го продаде за да ги исплати долговите. Се поставува прашањето дали крајните корисници на амониум нитратот можеби требало да бидат умерените сириски бунтовници кои би го искористиле за изработка на импровизирани експлозивни направи и камиони-бомби, како примерот со



камионите-бомби што во 2013 година ја уништија болницата „Ал Кинди“ во Алепо. Но веројатно ако тоа било случај немало амониум нитритот да остане толкав период без посериозна контрола. Сепак, сомнеж за квалификување на експлозијата во несреќен случај претставува долгогодишната сериска небрежност. Во периодот од 2014 година до 2017 година од царинските службеници има неколку барања со предложени варијанти за ослободување од опасниот товар. Без образложение сите тие барања биле игнорирани. Очигледно дека ниту претседателот, ниту премиерот и министрите кои што се поддржани од „Хезболах“, не биле информирани дека на пристаништето има складирана ИЕН од амониум нитрат. Амониум нитратот е доста стабилен, што го прави еден од најбезбедните експлозиви кои што се користат во рударството. Станува многу експлозивен во случај кога се загрева до точка во која настануваат хемиски промени на ниво каде што може да се предизвика експлозија.Дополнително, за поттикнување сомнежи кон целиот настан даде и изјавата на претседателот на САД, Доналд Трамп, кој согласно информациите добиени од страна на Пентагон тврдеше дека станува збор за напад, односно некаква бомба. Меѓутоа, откога Пентагон одби да ја потврди оваа изјава, тој ги повлече своите зборови, а американскиот секретар за одбрана, Марк Еспер, го поддржа објаснувањето дека најверојатна несреќа ја предизвикала експлозијата. Од друга страна пак не треба да се изостави извештајот на иранската новинска агенција Мехр, во кој се тврди дека четири извидувачки авиони на морнарицата на САД биле забележани во близина на Бејрут за време на експлозиите. Дали американското разузнавање има сознанија која од сите овие шпекулации е вистината? Според францускиот аналитичар и политички активист Тиери Мејсан, сценарио во форма на трагедијата во Бејрут, е забележано во изјавите на Бенџамин Нетанјаху. Тој на 27.09.2018 година, во Генералното собрание на Обединетите нации ја покажува областа во која на 4 август 2020 година се случи експлозијата, која што ја посочува како депо за оружје на „Хезболах“. Меѓутоа, „Хезболах“, веднаш по говорот на Нетанјаху, го евакуирал оружјето од овој магацин, а Израел потврди дека експлозијата во Бејрут нема врска со „Хезболах“, односно пристаништето не е складиште за оружје на „Хезболах“. Сепак, на истиот ден од експлозијата во Бејрут, и по низата експлозии во Иран и напнатата состојба на сириско-израелската граница, премиерот Нетанјаху на Твитер објави: „Удривме



Експлозијата во Бејрут предизвика масовни протести, илјадници Либанци коишто останаа без домови, егзистенција, семејства и пријатели излегоа на улиците барајќи одговорност за „бомбата“ од амониум нитрат којашто 6 години била чувана во нивниот главен град. Протестите предизвикаа оставка на владата на Либан, а 50 000 Либанци побараа од Франција да ја обнови колонијата врз нивната држава

во ќелијата и по диспечерите. Го направивме тоа што е неопходно за да се одбраниме. Предлагам сите тие, вклучително и „Хезболах“, да го земат ова предвид“. Ова може да се поврзе со изјавата која што дојде од официјален Израел, објавена една недела пред експлозијата во Бејрут, дека „доколку ’Хезболах’ им причинува штета на Израелските одбранбени сили или израелските цивили ќе се бомбардира либанската инфраструктура“. Насловите по израелските медиуми кои го таргетираат „Хезболах“ како виновник за трагедијата, потврдуваат дека за Израел е важно да се демонизира „Хезболах“ и секако, Иран. Лидерот на „Хезболах“, Хасан Насралах, во телевизиско обраќање изјави дека неговата партија нема магацини за оружје во пристаништето и нема никаква врска со содржината на складираните материјали во Хангарот 12. Меѓутоа, тој во 2016 година изјави дека проектилите на неговата шиитска организација се способни да извршат напад врз северното израелско пристаниште во кое, според него, има тајни магацини со амонијак и притоа да предизвикаат експлозија која е еквивалент на нуклеарно оружје. Според него, со ваков напад тие би постигнале „баланс на теророт“ и загарантирано уништување. Дали претседателот Трамп, претпоставувајќи дека пристаништето во Бејрут беше погодено од „непознато оружје“, со изјавата: „Тоа беше напад“ - случајно ја кажа вистината? Експлозијата во Бејрут може да се анализира и од аспект на обид за попречување на реализација на проектот „Патот на свилата“, со оглед на тоа дека Кина, поврзаноста помеѓу Иран, Ирак, Сирија и Либан преку шиитското население ја смета како основа за коридорот во Југозападна Азија. Кина и Иран се позиционираа како инвеститори во фазата за санирање на штетите од експлозијата, што е во спротивност со намерите на ММФ, за кои коментираше и генералниот секретар на „Хезболах“, неколку недели пред експлозијата. Сирија и Иран се во првите редови во однос на помошта за Либан. Техеран веднаш испрати медицинска помош и опрема, храна и лекови. Сирија ги отвори своите граници со Либан, испрати медицински тимови и прима пациенти од болниците во Бејрут. Особено е важно да се има предвид дека експлозијата во Бејрут ги уништи главните силоси на Либан со капацитет од 120 000 тони, оставајќи ја државата без стратешки резерви за храна. Ова би се вклопило во теоријата за гладување на нацијата, бидејќи веќе истиот ден Либан стана во голема мерка зависен за храна од Сирија, а Сирија е голем извозник на органска пченица, додека пак пристаништето и уништениот дел од градот, со кинески инвестиции може многу брзо да се реконструира.



Деструктивните настани во Либан не можат да се изземат од ширењето на „Патот на свилата“ низ Ирак, Иран, Сирија и другите арапски нации.
Во изминатиот период во Иран се случија серија на напади: на 26 јуни во производниот комплекс за ракети изби пожар и експлозија, на 30 јуни во здравствена клиника од експлозија загинаа 19 лица, на 2 јули имаше експлозија во нуклеарната централа „Натанц“, а на 15 јули во фабриката за алуминиум „Бушхер“ изби пожар. Доколку овие инциденти ги поврземе со договорите кои што моментално се финализираат помеѓу Кина, Русија и Иран, можеме само да претпоставиме дека овие ситуации не се случајни. Според Данило Коп, еден од врвните италијански експерти за експлозиви, при активирање на амониум нитрат се создава жолт облак. Според него наместо жолт облак на видеата кои што ја снимија експлозијата се забележува како се шири бела сфера предизвикана од кондензација на морскиот воздух, и портокалов облак со тенденција на црвена боја – типично за присуство на литиум кој се користи како гориво за воените проектили. Односно според него експлозијата наликува на експлозија на магацин со оружје. Според Ријад Кахваџи, шеф на Институтот за воени анализи на Блискиот Исток со седиште во Дубаи, амониум нитратот не би се запалил без претходна експлозија.
Тој смета дека Либанската армија не складира експлозивен материјал на пристаништа, туку тоа го прави во касарните, па го поставува прашањето ако не било склад за експлозивни материи на војската, кој друг би можел да складира оружје?
Трагедијата во Бејрут претставува голем геополитички настан кој ќе ја обликува иднината на Блискиот Исток, а во колективната меморија на регионот има многу сеќавања на слични настани. Востанието во 1953 година против иранскиот премиер Мосадег, беше вовед во Иранската револуција, а атентатот врз Либанскиот премиер Рафик Харири во 2005 година придонесе за повлекување на Сирија од Либан и институционализирање на вината кон „Хезболах“ – со терористички предзнак. Исто така хемиското оружје во Сирија претставуваше уште една точка на пресврт. Можни се две претпоставки: една е дека експлозијата настанала од небрежност, а втората е дека експлозијата е обид за преобликување на тековната динамика и геополитика на Блискиот Исток. Уништувањето во Бејрут може да го крене либанското население против Хезболах, а обидот од страна на ОН да се стави Либан под меѓународен надзор, укажуваат на тоа дека западните држави и понатаму ќе се обидуваат да го ослабат и ограничат „Хезболах“.
Напад или несреќа? Сè уште нема јасен одговор, иако до сега поголемиот дел од елементите сугерираат дека станува збор за сериозна несреќа. Израелските аналитичари сметаат дека Либан е пред големи внатрешни нереди, кои што ќе го ослабат „Хезболах“, а особено пред специјалниот извештај на Трибуналот.
Но од друга страна дури и да се работи за несреќен случај експлозијата на главното пристаниште во Либан на некој начин може да се смета и како предупредувачка порака до Иран, кој само пред околу еден месец изјави дека ќе распореди бродови и танкери со нафта во Либан, а овие бродови, доколку го направат тоа во Либан, би започнале редовна линија за снабдување не само со нафта, туку и со храна, со лекови, па и со оружје и муниција. Ако форензиката докаже дека овие настани претпочитаат обид за уништување на „Хезболах“ - Иран, новата регионална парадигма може навистина да биде насилна. Во светлина на случувањата на Блискиот Исток мора да се земат предвид и договорот за пријателство помеѓу Израел и Обединетите Арапски Емирати кој Иран го протолкува како директно формирање сојуз на САД, Израел и арапскиот свет против Иран. Од друга страна пак, Советот за безбедност на Обединетите нации не ја поддржа резолуцијата на САД за продолжување на ембаргото за вооружување кон Иран. Ситуацијата во Сирија сè уште не е до крај смирена, Либан е пред нови внатрешни конфликти, Иран гледа непријателски неприродно создаден сојуз и голема е веројатноста да започне со набавка на оружје од неговите пријатели Русија и Кина, кои, пак, солидно се позиционираат на територииите на Сирија и Либан, како и во нивните територијални води. Со други зборови, Блискиот Исток повторно го чекаат турбулентни времиња.



д-р Ненад Танески